


# П О Х О Т А

40 фотографии
за една куса историја
на француското сликарство

"А похотата, од каде таа доаѓа? Таа природно постои зашто сликарството му се додворува најнапред на задоволството на погледот. Похотата е својствена на секое сликарство, произлегува од наједноставното, од емоцијата, од чувството..."

*Марие-Елен Гринфедер, историчар на уметноста и автор на концепцијата на изложбата*

"Се обидов да ја избегнам доследноста на сижето создавајќи претстава без видлива припадност, дури и индициите содржани во насловот или потписот се едвај читливи, нагласувајќи ја уште повеќе таинственоста..."

*Жан-Мишел Оклер, автор на фотографиите*



Реноар,
Пјер-Огист,
*Танц на село*, 1863,
масло/платно,
Париз,
Мусеј д`Орсе, детаљ



Делакроа, Ежен,
*Мало сираче на гробишта*,
околу 1824,
масло/платно,
Париз, Лувр,
детаљ

Изложбата претставува заеднички поглед врз последните пет векови француско сликарство на еден фотограф и на една историчарка на уметноста. Истражува еден фиктивен и имагинарен геометриски простор сместен во точката на проникнувањето меѓу сликата, зборовите и фотографијата. Окото на фотографот Жан-Мишел Оклер се движи низ 40 ремек дела на француското сликарство, се определува за еден фрагмент, за еден детаљ и на тој начин



**Ле Нен,**
**Алегорија на победата,**
**околу 1635,**
**масло/платно,**
**Париз, Лувр, детаљ**

**Рес, Марсијал,**
***Лош вкус, хигиена на визијата*,**
**1965,**
**индустриска боја/платно,**
**Galerie de France,**
**детаљ**



создава еден нов црно-бел простор. Историчарката на уметноста Мари-Елен Гринфедер зборува, на еден поетски начин, за еволуцијата на последните пет векови француско сликарство, повикувајќи во секоја фотографија на изненадувањата, недоумиците, таинственостите и, пред сè, на задоволството на сетилата, на похотата во француското сликарство. На тој начин, наспроти традиционалната критика, постепено се изградува еден друг пристап кон сликарството, со повеќе чувства и сензибилитет.

*музејот на*
*современата уметност,*
*скопје*
*и*
*францускиот*
*културен центар,*
*скопје*

*ве поканувааt на*
*свеченото отворање на*
*изложбата*

le Musée
d'art contemporain
de Skopje
et
le Centre Culturel Français
de Skopje

# ПОХОТА · VOLUPTES

***40 фотографии за една куса***
***историја на***
***француското сликарство***

**40 photographies pour une**
**brève histoire**
**de la peinture française**

*четврток, 16 јануари во 19*
*часот*
*музеј на современата*
*уметност, скопје*

Veuillez honorer de votre présence
l'inauguration de l'exposition
le jeudi 16 janvier 1997, à 19h.00
au Musée
d'art contemporain, Skopje

Exposition réalisée par
l'Association Française d'Action
Artistique AFAA, Ministère français
des Affaires Etrangères

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ \ SKOPJE MUSEUM OF CONTEMPORARY ART
91000 Skopje, p. box 482, Samoilova b.b. Macedonia, Phon: 389 91 11 77 34, 11 77 35; Fax: 389 91 11 01 23

Насловна: Рењо, Жан-Батист, Барон,
*Трите грации*, 1794, масло/платно, Париз, Лувр,, детаљ